Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик и литература*** за **I (прва) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

*модуларно дизајнирана*

за I година

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 7 (седум) ЕЦВЕТ[1] кредити (5 кредити+2 дополнителни кредити)<br><br>Бројот пет ги означува кредитите кои се стекнуваат со посетата  на часовите по овој предмет во рамките на Заедничкиот општообразовен модул, ангажираноста на часовите и учеството во процесот на поучување и учење. Дополнителните два кредита се однесуваат на учењето и активностите кои учениците ги реализираат надвор од наставните часови, а во функција на стекнување знаења по овој предмет.<br><br>Два кредита опфаќаат 50 часа активности на ученикот - 10 часа вежби и подготовка за писмени работи, 20 часа читање дела и лектири за обработка, 20 часа самостојно учење - подготовка на усни и писмени презентации, домашни работи, подготовка на есеи. |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | I (прва) |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 3/108 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги проширува и да ги продлабочува знаењата за македонскиот стандарден јазик, како средство за комуникација;<br>- да ги избира, да ги резимира и да ги применува стекнатите знаења во соодветен јазичен контекст;<br>- да ги претставува хиерархијата и поврзаноста на јазичните единици од фонема до реченица и да го истакнува нивното значење во јазичната комуникација;<br>- да ги применува во усното и писменото изразување јазичните правила и конструкции карактеристични за македонскиот стандарден јазик;<br>- да ги применува вештините за самостојна анализа и интерпретација на литературни дела од различни автори, епохи и правци;<br>- да се оспособи критички и аргументирано да ги вреднува литературните дела, проблемските ситуации, општествените и уметничко-културните појави и настани преку сопствени ставови и мислења. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • ЈАЗИК<br>• ЛИТЕРАТУРА<br><br>*Забелешка: Модулите Јазик и Литература односно содржините во двата модула потребно е да се комбинираат меѓусебно. Со тоа ќе се постигне целина во однос на општите цели на предметот како и постигање на предвидените резултати преку дадените критериуми. Секој час и понатаму ќе има свој резултат за постигање и во рамките на истиот ќе се комбинираат веќе изучени содржини и од едниот или другиот модул со новите содржини. Едновремено потсетуваме дека добриот распоред и организација на дадените содржини како и соодветниот избор активности ќе влијае на реализацијата на часовите односно ќе влијае на успехот на поучувањето и учењето.* |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот македонски јазик и литература потребно е да се обезбедат наставни средства, во кабинет или училница, бибиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции) каде учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ);<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Наука за јазикот** | | | |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ја објасни комуникацијата и различните видови комуникација;<br>-да ја препознава функцијата на јазикот во комуникацијата. | **Наука за јазикот**<br><br>Општење (комуникација) Видови комуникација;<br>Јазикот како систем од знаци;<br>Вештачки јазик и природен јазик;<br>Дијалектен јазик и стандарден јазик<br><br>**Поими:** комуникација (еднонасочна/заемна, вербална/невербална, сигнална/симболична), знак, симбол, сигнал, семиологија, дијалект. | **Активности:**<br>Се поттикнува разговор во кој треба да се вклучи секој ученик, се објаснуваат особеностите и се обопштуваат знаењата, се изнесуваат индивидуални и групни критички ставови, се изведуваат заклучоци за комуникацијата како поим и како активност со индивидуално и општествено значење.<br>Во групна и работа во двојки, а во согласност со правилата на убавото однесување, учениците треба да поттикнат/да започнат или да се вклучат во усна или писмена комуникација на теми поврзани со нивните секојдневни навики, потреби и интереси и замислени комуникациски ситуации од нивната идна | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.1: го дефинира поимот *комуникација* и да ги препознава, споредува и толкува особеностите на различните видови комуникација и различните видови јазик;<br>1.1.2: наведува примери за различните видови комуникација и различните видови јазик;<br>1.1.3 -поттикне/започне или да се вклучи во разговор/писмена преписка на стандарден јазик. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | професија.<br><br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текс-метод; метод на споредување. | |
| 2 | **Историски развој на македонскиот јазик** | | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да го препознае местото на македонскиот јазик во групата на словенски јазици именувајќи го како јужнословенски;<br>-да ги препознава и да ги толкува особеностите на македонскиот јазик и неговите сличности и разлики со другите словенски јазици како и во контекст на балканските јазици; | **Македонскиот јазик во групата на словенските и јужнословенските јазици**<br><br>Македонскиот јазик меѓу балканските јазици и неговите особености - замената на синтетичката деклинација со аналитичка, употребата на постпозитивниот член, удвојувањето на предметот, губењето на инфинитивот и неговата замена со *да*-конструкцијата, идно време со форми од глаголот *сака*, глаголски конструкции со *сум* и *има*, компаратив и суперлатив кај придавките со морфемите *по-* и *нај-*<br><br>**Поими:** особеностите на македонскиот | **Активности:**<br>Во групна, индивидуална и работа во двојки учениците ги препознаваати ги набројуваат групите словенски јазици и го определуваат местото на македонскиот јазик во групата јужнословенски јазици, класифицираат и даваат примери за особеностите на македонскиот јазик наспрема другите словенски јазици.<br>Учениците слушаат и читаат, кажуваат и пишуваат зборови и едноставни фрази од секојдневниот живот и од областа на нивната идна професија на други словенски јазици и ги | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1: ги класифицира словенските јазици, ги подредува во групи и да ги препознава нивните сличности и разлики;<br>2.1.2: кажува и пишува зборови и едноставни фрази од други словенски<br>јазици, и преведува од и на македонски;<br>2.1.3: ги набројува, објаснува и дава примери за секоја од особеностите на македонскиот јазик што се резултат на заемните процеси во балканските јазици; овие |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | јазик. | преведуваат од и на македонски јазик.<br>Ги наоѓаат и ги илустрираат со примери јазичните форми во кои доаѓаат до израз особеностите на македонскиот јазик што се резултат на заемните процеси во балканските јазици.<br><br>**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компарација. | особености на македонскиот јазик ги сопоставува со соодветните јазични форми во други словенски јазици. |
| 2.2 | -да ги објаснува историските факти за појавата на словенската писменост, нејзиниот развој и појавата на книжевните школи (текстови и јазични карактеристики на текстовите);<br><br>-да ги препознава и идентификува глаголското и кирилското писмо и нивните сличности и разлики. | **Почетоците на словенската писменост** - старословенски период и црковнословенски период;<br>Најзначајните ракописи од старословенскиот период<br><br>**Поими:** старословенски јазик, глаголица, кирилица, црковнословенски јазик, македонска варијанта на црковнословенскиот јазик; средновековни книжевни школи и писмени споменици; ширење на функциите на народниот јазик, | **Активности:**<br>Низ различни форми на нагледност учениците ги согледуваат и се запознаваат со особеностите на историскиот развој на словенската писменост во периодот од IX до XVIII век, со старословенските писма преку нивна споредба.<br>Учениците се поттикнуваат да се обидат да прочитаат и да препишат делови од текстови напишани со глаголица и со | 2.2.1 меморира факти од развојот на словенската писменост;<br>2.2.2 споредува различни видови писма и ги набројува нивните сличности и разлики;<br>2.2.3 искажува и образложува факти за значењето на книжевните школи и нивната улога во развојот на црковнословенскиот јазик;<br>2.2.4 ја толкува важноста на народниот јазик и неговите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дамаскини, грамоти. | кирилица споредувајќи ги графемите.<br>Се презентираат факти за појавата и значењето на книжевните школи во Македонија и нивната улога во ширењето на писменоста.<br><br>**Методи:** дијахрониски метод, аудио-визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст- метод; метод на споредување. | функции во дамаскините и грамотите. |
| 3 | **Фонетика и Фонологија** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ги разликува и да ги дефинира фонетиката и фонологијата како сродни науки ( објаснувајќи ги сличностите и разликите меѓу гласот и фонемата, како и разликата меѓу гласот и буквата); | Структура на јазикот; Јазично рамниште/потсистем; Фонетика; Фонологија; Правоговор (ортоепија); Правопис (ортографија); Глас; Фонема; Буква | **Активности:**<br>Како подготвителна активност за часот учениците истражуваат за потеклото и значењето на зборовите: *фонема, алофон, графема, фонетика, фонологија, ортоепија* и *ортографија*, според стручни извори (печатени и електронски) посочени од наставникот. Преку оваа активност се увидува важноста од | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1 ги објасни потеклото и значењето на зборовите: *фонема, алофон, графема, фонетика, фонологија, ортоепија* и *ортографија* и да ги посочи печатените и електронските извори на податоците; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -да ја образложи поврзаноста на фонетиката и фонологијата со правоговорот (ортоепијата) и правописот (ортографијата), | | користењето соодветна и релевантана стручна литература;<br>Часот започнува дедуктивно, со општи информации кои се поврзани и со претходни знаења за гласовите.Часот продолжува индуктивно, преку анализа и споредба се изведуваат заклучоци за значењата на гласот во состав на зборот и во релација со повисоки јазични единици.<br><br>**Методи:** аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, метод на истражување; интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | 3.1.2 ја протолкува разликата меѓу глас и фонема и меѓу глас и буква;<br>3.1.3 ги препознае варијантите на гласовите во ист и во различни зборови;<br>3.1.4 -да ги образложи причините поради кои еден глас се артикулира различно и да посочи соодветни примери. |
| 3.2 | -да препознава правилен и неправилен изговор на гласовите; правилно да ги изговара гласовите;<br>-да опишува по кој критериуми се прават поделбите на гласовите; | **Поделба на гласовите**<br>**Поими:**<br>Самогласки (вокали); Согласки (консонанти); Предни/средни/задни самогласки; Високи/ниски самогласки; Заокружени/незаокружени самогласки; Слогообразувачки | **Активности:**<br>Наставните активности на часот се насочени кон звуковата страна на јазикот и се реализираат, главно, со зборување, а многу малку со пишување; централно место во нагледноста има изговорот на гласовите, поточно, | 3..2.1 го опише и да го покаже начинот на артикулација и правилен изговор на гласовите;<br>3.2.2 - ги набројува самогласките и согласките и ги објаснува критеримите според кои е направена поделбата;<br>3.2.3 - ги препознае двојките од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | гласови; Слог; Слоготворно р<br>Уснени, забновенечни, венечни, тврдонепчени, меконепчени;<br>Преградни, теснински и преградно-теснински; Звучни и безвучни согласки и сонанти | демонстрирањето на артикулацијата на гласовите со помош на говорниот апарат. Се користат и аудитивни нагледни средства, со чија помош се илустрира правилниот изговор на гласовите и правилното, убаво и изразно читање при што наставникот внимателно ги следи активностите на учениците.<br>Коректниот изговор на наставникот треба да биде неприкосновена нагледност на овие часови.<br>Се опишува говорниот апарат и функцијата на говорните органи во создавањето на гласовите.<br>**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност, метод на споредување, метод на анализа и синтез, метод на истражување. | звучна и безвучна согласка;<br>3.2.4 -наведува примери за употреба на слоготворното *р* и покажува како се пишува зборот (со или без апостроф пред *р*);<br>3.2.5: ги изговара правилно согласките *л, љ, г, ѓ, к, ќ* и сонантската група *-лј-* во зависност од гласовното опкружување и да ги применува соодветните правила за пишување на овие согласки. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.3 | - да ги објасни причините зошто доаѓа до гласовни промени;<br><br>- да ги применува гласовните промени во македонскиот јазик правилно да ги пишувајќи ги зборовите; | **Гласовни промени**<br><br>**Поими:** Едначење по звучност (асимилација); Обезвучување на согласки на крајот на зборот | **Активности:**<br>Вежби за илустрација на гласовните промени преку примери од секојдневниот говор и меѓусебната комуникација -усна и пишана. Се користат текстови од учениците кои се создавани во текот на наставниот процес и истите преку работа во двојки се проверуваат и се добиваат заклучоци. Учениците заклучоците ги вообличуваат во форма која понатаму ја користат како нагледно средство, пример, презентација, постер.<br><br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, текст-метод, демонстративен метод. | 3.3.1 ги препознава и именува гласовните промени во даден текст;<br>3.3.2 ги објаснува гласовните промени;<br>3.3.3 ги пишува правилно зборовите почитувајќи ги правилата за бележење на гласовните промени. |
| 3.4 | -да го опишува акцентот со неговите карактеристики-определен, динамичен и третосложен;<br><br>- да акцентира/ да зборува според правилата за акцентирање во | **Акцент (општи особености)**<br>**Акцентот во македонскиот стандарден јазик**<br>**Акцентот на сложените зборови (сложенките)**<br>**Отстапувањето од третосложно акцентирање кај зборовите од домашно потекло** | **Активности:**<br>Се поставува насочени прашања со цел учениицте да ги набројат и објаснат основните карактеристики на акцентот во македонскиот стандарден јазик и во кој случај има отстапување од третосложното акцентирање. | 3.4.1 ги објасни поимите *зборовен акцент* и *реченичен акцент* и да наведува релевантни примери за нив;<br>3.4.2 ги акцентира правилно сложените зборовите,зборовите од туѓо потекло и ги применува правилата за отстапување од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | македонскиот јазик. | **Поими:** Акцент, Акцентен знак; Зборовен акцент, Реченичен акцент; Динамичен (експираторен) акцент, Музикален акцент; Определен (фиксиран, врзан, постојан) акцент, Неопределен (слободен, разносложен) акцент;<br>третосложно акцентирање | Активности со нагледност кој изобилува со бројни примери во кои учениците низ групна, индивидуална и работа во двојки, ќе ги препознаваат и ќе ги толкуваат правилата за акцентирање, ќе ги разликуваат и ќе ги демонстрираат зборовниот и реченичниот акцент, ќе ја препознаваат неакцентогеноста на соодветните зборови во зборовни состави без акцентски целости, ќе го увежбуваат акцентирањето на сложените зборови и на зборовите со отстапувања од третосложното акцентирање<br>Активности со диктат.<br><br>**Методи:**<br>Методи: аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација  (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; текст-метод | третосложното акцентирање;<br>3.4.3 го бележи правилно акцентот на зборовите во даден текст. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Морфологија** | | | |
| 4.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ја идентификува морфемата како значенска единица;<br>-да ги опишува видовите морфеми (коренската и афиксната/афиксните морфеми, формообразувачките и зборообразувачките); | **Поим за морфема**<br>**Видови морфеми**<br><br>**Поими:** Морфема; Општ дел на зборот (корен/коренска морфема), Додадена морфема (афикс); Наставки, Префикси, Суфикси;<br>Зборообразувачки морфеми;<br>Формообразувачки морфеми;<br>Варијанти на морфемата; Завршок;<br>Зборoформа. | **Активности:**<br>Објаснува што е коренска и афиксна морфема и што се зборообразувачки и формообразувачки морфеми.<br>Изработува вежби за определување на коренска и афиксна морфема, определување на зборооообразувачки и формообразувачки морфеми и зададени зборови од кои треба да се образуваат низи од зборoформи.<br>Функционалните цели на овој дел од наставата по јазик, во својот краен исход, треба да им овозможат на учениците да разберат дека сите материјални и духовни појави во животот имаат своја форма, т.е. структура.<br><br>**Методи**: метод на дедуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.1.1: ја толкува морфемата како најмала значенска јазична единица;<br>4.1.2: класифицира коренска и афиксна морфема/афиксните морфеми во една зборoформа и да го објасни нивното значење и местото во зборот;<br>4.1.3: ги издели префиксите и суфиксите во една зборoформа и составува префиксни, суфиксни и префиксно-суфиксни зборoформи;<br>4.1.4 ја објасни разликата меѓу формообразувачките и зборообразувачките морфеми и да ја демонстрира нивната употреба во образувањето зборoформи и нови зборовни значења. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2 | -да ги објасни критериумите за групирање на зборовите во македонскиот јазик, т.е. за нивното поврзување во зборовни групи според лексичкото и граматичкото значење, според формата и според синтаксичката функција;<br>-да ги препознава  и да ги наброи заедничките признаци за класификација. | **Зборовни групи и граматички категории**<br><br>**Поими:** Зборовна група или класа; Значенска (семантичка) класификација; Формална (морфолошка) класификација; Функционална (синтаксичка) класификација; Менливи и неменливи зборови | **Активности**<br>Подготвителни активности за работа во група- работа во четири групи. Прва група со задача за поделба за зборовните групи според заеднички признаци и наведување критериуми за класификација за зборовните групи и видовите зборовни групи. Втора трета и четврта група претставуваат по еден вид класификација(значенска морфолошка и синтаксичка). По завршувањето на групната работа активностите продолжуваат дедуктивно, низ разговор се толкуваат класификациите. Со вежбите и активностите треба да се мобилизира потенцијалот на учениците за увежбување на способностите и вештините за употреба на зборовните групи во конкретни комуникациски компетенции.<br><br>**Методи:** метод на истражување; метод на дедуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација  (монолошки, | 4.2.1 објасни според кои критериуми (секој критериум поединечно) се групираат зборовите во зборовни групи;<br>4.2.2 ги препознава заедничките признаци на зборовите од една зборовна група и заедничките признаци на зборовните групи според критериумите релевантни за секоја класификација;<br>4.2.3 го толкува поимот *граматичка категорија*, демонстрирајќи ги апстрактните граматички значења на повеќе зборови/зборoформи од иста зборовна група. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | |
| 5 | **Морфологија, зборообразување и морфосинтакса на именските зборови** | | | |
| 5.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да препознава и да демонстрира правилна употреба на именките во сите категории;<br>-да ја идентификува функцијата на именките во реченицата и да наведува примери за различна функција на именките во реченицата; | **Именки**<br><br>Видови именки;<br>Граматички категории на именките (преглед/повторување);<br><br>Образување на именките ( од глаголи, придавки, именки, броеви со суфикси за изразување чувствен однос);<br>Функции на именките во реченицата<br><br>**Поими:** образување на именки, функции на именката во реченицата. | **Активности:**<br>Подготвува вежби за определување на граматичките категории кај именките, за определување на видот множина и образување форми за обична, избројана и збирна множина, за образување форми за изразување чувствен однос и за определување на фукцијата на именката во дадена реченица<br>Се прави функционално поврзување со наставни содржини од тематското подрачје Правопис со содржините за слеаното пишување на сложените именки и со пишувањето на големата и малата буква. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>5.1.1 образува именски зборофоми со различни граматички значења, т.е. правилно да ги употребува граматичките наставки;<br>5.1.2 ги определува граматичките категории на именките: род(според звршокот и независно од завршокот,колебливост) број(множина, видови множина именки кои се singularia tantum и именки кои се pluralia tantum) и определеност;<br>5.1.3 образува именки од зборови од различни зборовни групи; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | 5.1.4 наведе примери за сложени именки од лексиката поврзана со неговата идна професија;<br>5.1.5 да ги идентификува и да ги определи функциите на именките во реченицата посочувајќи примери за различни јазични контексти. |
| 5.2 | -да препознава и да конструира примери со правилна употреба на придавките во сите граматички категории вклучително и граматичката категорија степен како граматичка категорија својствена за придавките;<br><br>-да ја идентификува функцијата на придавките во реченицата и да наведува примери за различна функција на придавките во реченицата. | **Придавки**<br><br>Видови придавки;<br>Граматички категории на придавките (преглед/повторување)<br><br>Образување на придавките (од именки, глаголи, придавки, прилози и броеви)<br><br>Функциите на придавките во реченицата (атрибут, именски дел на прирокот)<br><br>**Поими:** категорија степен, образување на придавките, функции на придавките. | **Активности:**<br>Се користи богата визуелна, аудитивна и текстуална нагледност за повикување на предзнаењата за овие часови како и за поттик на интеракитвност и динамичност на часот. Се почнува дедуктивно, а потоа се користат примери од учениците со што знаењата добиваат своја функција.<br><br>**Методи**:<br>метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | 5.2.1 препознава видови придавки и набројува примери;<br>5.2.2 ги користи правилно придавките во примери почитувајќи ги граматичките категории(правилно конструирајќи примери во категоријата степен);<br>5.2.3 образува смисловно и граматички правилни состави од придавка и именка и од две или повеќе придавки и именка;<br>5.2.4 образува и соодветно користи придавки од зборови од различни зборовни групи, ја препознава функцијата на придавката во реченицата и правилно ја употребува. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.3 | - правилно да ги изговара и да ги пишува формите за определена (точна) и за приближна бројност во усната и во писмената комуникација;<br><br>-да ја наведе граматичката категорија *определеност* како единствена граматичка карактеристика на броевите; | **Бореви**<br><br>Броеви за определена (точна бројност)<br>Броеви за приближна бројност<br>Прости броеви<br>Сложени броеви<br>Бројност на лица<br>Функциите на броевите во реченицата | **Активности:**<br>Да се обрне внимание на зборобразувачката, правописната и правоговорната недоследност кај броевите. Активностите за содржините од броеви почнуваат дедуктивно, претставуваат можност за апликација на јазичностилската употреба на броевите во усната и во писмената комуникација и ги поттикнуваат и ги развиваат способностите на учениците за обопштување.<br><br>**Методи**:<br>метод на дедуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | 5.3.1 ги препознава и правилно ги користи во усна и писмена комуникација формите за определена и приближна бројност во усната и во писмената комуникација ;<br>5.3.2 ги наброи граматичките категории на броевите, меѓу кои граматичката категорија определеност, а граматичката категорија род ќе ја стави во врска со броевите еден и два;<br>5.3.3 ги изговара акцентските целости во состав на сложените бројни изрази и да го употребува сврзникот *и* само меѓу единицата и десетката, а не и меѓу другите елементи на сложените бројни изрази;<br>5.3.4 ја наведе основната, атрибутската функција и другите функции на броевите во реченицата и правилно да ги користи броевите од аспект на нивната функција во реченицата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.4 | -ги користи правилно формите на личните заменки, лично-предметните заменки и показните заменки при зборувањето и при пишувањето;<br>-ги опишува кои се функциите на заменките во реченицата и да дава пример за секоја реченична функција на заменките; | **Заменки**<br><br>Лични заменки и формите на личните заменки (преглед/повторување)<br>Лично-предметни заменки (преглед/повторување)<br>Значење и функции на лично-предметните заменки (видови лично-предметни заменки: прашални, односни, одречни, општи и неопределени<br>Показни заменки (преглед/повторување)<br>Употреба на показните заменки<br>Функциите на заменките во реченицата<br><br>Поими: граматичко лице | **Активности:** Наставните содржини за зборовната група заменки бараат богата и функционална нагледност, која постојано се комбинира со индивидуални активности или со работа во двојки, особено во делот за илустрирање на граматичото лице.Богатството од форми и значења на заменките е податливо за различни видови вежби, а илустративните содржини задолжително треба да содржат богата јазичностилска подлога.<br><br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | 5.4.1 го образложи местото на заменките во групата на именските зборови и покрај тоа што не именуваат и да објасни дека личните заменки не го добиле името поради тоа што најчесто означуваат лица, туку поради нивната граматичка категорија *лице;*<br>5.4.2 ги идентификува во усната и во писмената комуникација формите на личните заменки, правилно да ги користи при зборувањето и при пишувањето;<br>5.4.3 ги наброи лично-предметните заменки според значењето и функцијата и да ги објасни показните заменки дека се употребуваат со временско и со просторно значење;<br>5.4.4 ги наброи функциите на заменките и да ги поткрепи со пример за секоја реченична функција на заменките; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.5 | -препознава глаголи,прави разлика меѓу категориите време, начин, лице, вид, преодност и број;<br><br>-прави разлика по групи. | **Глаголи**<br><br>Граматички категории на глаголот<br><br>Класификација на глаголите по групи | Преку презентација на текстови блиски до секојдневието на учениците/текстови поврзани со нивната идна професија се препознаваат и разликуваат глаголите, се препознаваат категориите и истите се опишуваат.Преку насочени прашања се поврзуваат занењата на учениците од основното образование.Се применуваат вежби за категоризација на глаголи што означуваат време и вид.<br>Се категоризираат и се менуваат глаголите според трите глаголски групи преку соодветно одбрани текстови и примери . | 5.5.1 утврдува глаголи и категории на глаголи;<br>5.5.2 применува глаголи во говорни ситуациии и соодветно применува категории на глаголи во даден текст;<br>5.5.3. опишува и прави разлика во глаголските групи, правилно изведува примери употребувајќи ги соодветно глаголите од трите глаголски групи. |
| 6 | **Синтакса** | | | |
| 6.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ја дефинира синтаксата како дел од науката за јазикот,<br>-да дефинира и разликува именска група и реченица како основна синтаксичка единица. | **Синтакса, поим за именска група и реченица**<br><br>**Поими:** Синтакса; Именска група (синтагма); Реченица; | **Активности**<br>Се презентираат синтаксичките единици именска група и реченица.<br>Се објаснуваат карактеристиките на синтаксичките единици при што се поврзуваат претходните знаења.<br>Се бара да се конструираат | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>6.1.2 прави разлика меѓу именска група и реченица;<br>6.1.2 ја идентификува реченицата како основна синтаксичка единица. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | примери за именска група и реченица и истите се ставаат во различни говорни ситуации со цел увидување на разликите меѓу едната и другата синтаксича единица.<br><br>**Методи:** монолошко-дијалошки,текст-метод демонстративен метод. | |
| 6.2 | -да го определи глаголот како основен или конститутивен член на реченицата;<br>-да ја согледа заемно условувачката врска меѓу подметот и прирокот, како главни реченични членови;<br>-да ги наброи и објасни карактеристиките на простата реченица и членовите од реченицата-подмет, прирок(глаголски и именски), предмет, прилошка определба;<br>-да разликува и да состави модално различна реченица. | **Граматичка структура на реченицата преглед/повторување**<br><br>Проста реченица, реченични членови.<br><br>Модална каратеристика на реченицата<br><br>**Поими:** Предикативност; реченични членови-прирок (предикат), подмет (субјект), предмет (директен индиректен, предлошки); прилошка определба; проста реченица.<br><br>**Поими:** Модалност; Расказни реченици; Извични реченици; Желбени реченици; Заповедни реченици; | Активности: при реализација на активностите за овој дел од програмата се користат текстови блиски до учениците и нивното секојдневие. Со помош на насочувачки прашања се поврзуваат веќе усвоените знаења од синтакса од основното обраование.<br><br>Вежби за разликување на членовите во простата реченица и усогласување на подметот и прирокот на реченицата.<br><br>Прави шематски приказ на структурата на реченицата. | 6.2.1 го определува глаголот како конститутивен член на реченицата и препознава проста реченица;<br>6.2.2 ги именува и препознава членовите на простата реченица;<br>6.2.3. конструира примери со соодветна употреба на секој член од реченицата;<br>6.2.4 разликува и заклучува за модалноста применувајќи ја во соодветни примери. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Расказна, прашална и извична интонација | Објаснува дека глаголот е основен (конститутивен) член на реченицата, но дека личноглаголската форма, во зависност од валентноста, пред и зад себе отвора празни места за други реченични членови. Ја објаснува заемно условувачката врска меѓу подметот и прирокот.<br><br>Ја објаснува структурата и карактеристиките на простата реченица.<br><br>Вежби за составување реченици со користење различни средства за изразување на ставот на говорителот.<br>**Методи:**Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, демонстративен метод / илустративен метод. | |

| 7 | **Правопис и Правоговор** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ги дефинира поимите правопис и правоговор како дел од стандарднојазичната норма;<br><br>-набројува видови правопис објаснувајќи го фонетскиот правопис на македонскиот јазик; | Видови правопис<br>Правописот на македонскиот стандарден јазик<br>Преглед на изданијата на Правописот на македонскиот јазик од 1945-2015<br><br>**Поими:** Правопис (ортографија); Правоговор (ортоепија); Фонолошки (фонетски) правопис; Морфолошки правопис; Етимолошки (историски) правопис | **Активности:**<br>учениците се насочуваат на содржините од фонетика и фонологија, кои се реализирани во истата учебна година<br>Учениците се поттикнуваат да ја оценат состојбата поврзана со почитувањето на овие правила во живиот јазик писмен и устен, да ги образложуваат своите ставови, да кажат што претставуваат според нив правилното пишување и зборување и кои елементи од фонолошкиот и граматичкиот систем на македонскиот јазик влегуваат во нив, да нудат решенија во правец на одржување или подобрување на состојбите во пишувањето и зборувањето на стандарден македонски јазик, да го оценат сопствениот устен и писмен јазичен израз и сл.<br>**Методи**: интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>7.1 1. ги дефинира поимите правопис и правоговор и образложува зошто правописот и правоговорот на еден јазик се дел од стандарднојазичната норма;<br>7.1.2 ги наброи видовите правопис и да ја објасни разликата меѓу нив;<br>7.1.3 изразува став за важноста на почитувањето на правописот и правоговорот како важен предуслов за јазичната и општата култура на секој поединец и за културата на општествената средина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7.2. | -да ги применува правилата за правопис на согласките и самогласното *р;*<br><br>-да го применува во напишан текст правилното пишување на еднаквите самогласки во непосреден допир, правилното пишување на согласните групи, согласките во непосреден допир и да ги применува правилата за нивно удвојување или испуштање при пишувањето; | **Пишување на самогласките и согласките**<br>Пишување на самогласките и на самогласното *р*<br>Еднакви самогласки во непосреден допир<br>Испуштање на самогласките *а, е* и *о*<br>Пишување на согласките *в, ѕ, ј, л, љ, н, њ, ќ, ѓ, ф, х,џ*<br>Согласни групи<br>Согласки во непосреден допир – удвојување и испуштање | **Активностите** на часот се насочени кон прикажување на ситуации со неправилно пишување на самогласките и на согласките, кон толкување на ортографските недоследности и кон посочување на правилното пишување на правилното пишување на согласките и на самогласките во зависност од нивното графиско опкружување.<br>Илустративните содржини треба да бидат преземени од текстови од различни функционални стилови; се користат и текстови напишани од учениците, а преземени од нивните писмени или домашни работи.<br>Вежбите од типот гласно и изразно читање текстови од различни стилови, препишување, диктат и самодиктат, препознавање и поправање правописни грешки и други вежби во функција на подобрување на пишаниот јазик на младите треба да бидат постојана форма на работа на часовите. | 7.2.1 ги пишува правилно самогласките и согласките во зависнот од нивното опкружување во зборот;<br>7.2.2 го препознае и да го поправи во напишан текст неправилното пишување на карактеристичните согласни групи и согласките во непосреден допир;<br>7.2.3 ги применува правилата за правопис на согласките и удвојување на согласките. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во текот на часот учениците се поттикнуваат да ги користат *Правописот на македонскиот јазик* и *Правописниот речник на македонскиот литературен јазик.*<br><br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување, метод на коригирање. | |
| 7.3 | -да ги посочува правилата за употреба на голема и мала буква;<br>-да пишува голема и мала почетна буква во согласност со правописните правила на македонскиот јазик; | **Употреба на голема буква**<br><br>Голема буква на почеток на реченицата<br>Голема почетна буква на секој дел кај сопствените имиња<br>Голема почетна буква само на првиот дел од називот<br>Мала почетна буква | Ативности: Наставните содржини за пишувањето на големата или на малата почетна буква се во согласност со правилата на новиот *Правопис на македонскиот јазик* од 2015 год.<br>Илустративните содржини за наставните активности претставуваат избор на покарактеристични ситуации на употреба на почетна голема и почетна мала буква, во согласност со потребите на секојдневната писмена комуникација на учениците, како и на | 7.3.1 ги применува правилата за употреба на голема буква;<br>7.3.2 го препознава во напишан текст неправилното пишување голема буква на почеток на реченица или на почеток на ред и правилно пишува почетна голема буква;<br>7.3.3 -ги идентификува грешките при пишувањето мала почетна буква и неа ја пишува во согласност со правописните правила на македонскиот јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | претпоставени писмени комуникативни модели поврзани со соодветната образовна струка. Главната форма на наставна работа се писмените вежби, преку кои учениците со помош на наставникот ги регистрираат, ги толкуваат и ги поправаат ортографските недоследности поврзани со пишувањето на почетната голема и почетната мала буква.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување, метод на коригирање, метод на истражување. | |
| 7.4 | -да ги применува правилата за слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите. | **Слеано, полуслеано и разделено пишување**<br><br>**Поими:** Сложени зборови; Полусложенки | Преку примери се демонстрира и објаснува правилата за слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите<br>Јазични вежби во кои учениците треба да направат корекција на грешките. | 7.4.1 -ги применува правилата за слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите;<br><br>7.4.2. -пронаоѓа  и коригира грешки во однос на правилата за слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Диктат (текст со термини од областа на струката) за проверка на степенот на усвоеност на правилата за слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите<br><br>**Методи:**<br>монолошко-дијалошки,<br>текст-метод,<br>демонстративен метод. | |
| 7.5 | -да ги применува правилно правописните знаци;<br>-правилно да пренесува (дели) збор од еден ред во друг; | **Правописни знаци**<br><br>Делење на зборот на крајот на редот<br><br>**Поими:** Точка; Запирка; Две точки; Црта (тире); Цртичка; Загради; Коса црта; Надреден знак; Апостроф; Ѕвездичка; Белина; Други знаци | **Активности:**<br>Се подготвуваат и презентираат примери врз основа на кои се демонстрира и објаснува употребата на правописните знаци. Се користат различен вид текстови.<br>Се подготвуваат јазични вежби во кои учениците треба да направат корекција на грешките во однос на употребата на правописните знаци.<br>Диктат за проверка на степенот на усвоеност на правилата за употреба на правописните знаци. | 7.5.1 -ги користи правилно правописните знаци;<br>7.5.2 -пронаоѓа и коригира намерни грешки во однос на употребата на правописните знаци. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:**<br>монолошко-дијалошки,<br>текст-метод,<br>демонстративен метод. | |
| 7.6 | -да ги користи соодветно правилата за скратување на зборовите и за скратено запишување на повеќекомпонентни имиња, наслови и називи. | **Скратеници и скратување на зборовите**<br><br>**Поими:** Скратување; Скратеница (акроним) | **Активности:**<br><br>Врз основа на примери се демонстрираат и објаснуваат правилата за скратување на зборовите и за скратено запишување на повеќекомпонентни имиња, наслови и називи.<br><br>Учениците по пат на насочени прашања даваат свои примери.<br><br>Со помош на презентација се објаснуваат начините за читање на акронимите.Вежби со зборови и изрази од секојдневната комуникација.<br><br>**Методи:**<br>монолошко-дијалошки,<br>текст-метод,<br>демонстративен метод. | 7.6.1 ги применува правилата за скратување на зборовите и скратено запишување на повеќекомпонентни имиња;<br>7.6.2 ги препознава имињата, насловите и називите дадени со акроним (примери од секојдневната комуникација и од струката). |

| 8 | **Практично-професионална комуникација** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-сам да изработи есеј<br><br>-да ги препознава формите на практично-професионалните текстови и да ги применува правилата за пишување на овие текстови,<br><br>-да демонстрира правила на практично-професионална комуникација. | Есеј (структура и композиција на есеј)<br><br>Записник и извештај<br><br>Соопштение и  понуда<br><br>Молба, жалба, барање<br><br>Писмо (деловно, приватно, електронско | **Активности:** секој ученик да изработи текст според дадените правила за формата и содржината на текстовите. Учениците ги изработуваат текстовите според инструкциите од наставникот и истите се проверуваат со повратна информација.<br><br>**Методи**:<br>монолошко-дијалошки,  метод на демонстрација, текст- метод. | **Ученикот/ученичката може:**<br><br>8.1.1 -да дефинира правила за изработка на есеј и на практично- професионални текстови;<br>8.1.2. да изработува есеј и да изработува практично-професионални текстови;<br>8.1.3 да применува правописни правила во пишувањето. |

| | Назив на модуларна единица: **ЛИТЕРАТУРА** | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Теорија на литература** | | | |
| 1.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ја објасни литературата како неразделно единство на уметности, појавата на писмото и нејзиното осамостојување; | **Синкретизам-Видови уметност-Литературата како уметност .**<br><br>**Поими:** синкретизам, уметност, книжевност. | **Активности:**<br><br>Преку соодветни примери за синкретизам се поставува дискусија и се прави визуелна и аудитивна презентација на различните видови уметности (балет, опера, дијалошка игра и сл.); преку која учениците сами ќе дојдат до заклучоци<br><br>**Методи:** монолошко-дијалошки, демонстративен и проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може:**<br><br>1.1.1 го објасни поимот синкретизам;<br>1.1.2 ги изделува и класифицира сите уметности што произлегле од синкретизмот;<br>1.1.3 именува белези на литературата со кои ќе ја класифицира како посебна уметност. |
| 1.2 | -да ја препознае улогата на митот во создавањето на литературата;<br>-да ги именува, илустрира и споредува спецификите на митот;<br>-да ги толкува и аргументира топос местата во митовите. | **Мит и митологија**<br><br>Митот за златното руно,<br>Митот за златното јаболко | **Активности**: преку презентација се дефинира митот како *света приказна* и како основа на литературата како уметност. Преку насочени прашања и работа во мали групи се поттикнува анализа и толкување | 1.2.1. ги објаснува митот и фолклорот како извори на литературата;<br>1.2.2 анализира и споредува митови според темата;<br>1.2.3 ги споредува топос местата во митовите;<br>1.2.4. ги споредува и опишува |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поврзување на митологијата со светите книги: (Библија, Куран, Кабала како *можни* матрици за создавањето на литературата)<br><br>**Поими:** мит, свети книги | на митови различни по вид ( за настанокот на светот, на космосот, култни).<br>Со дискусија се објаснуваат особеностите на митот и истите се согледуваат преку посочени цитати.<br>Со читање цитати и дискусија се објаснува поврзувањето на мотивско-тематските елементи во митовите.<br>Самостојно се чита мит и се пополнува дневник со двоен запис (по инструкции).<br>Се читаат, анализираат и толкуваат сегменти од светите книги, се развива дискусија за нив.<br><br>**Методи:**<br>-интерпретативно-аналитички метод<br>-монолошко-дијалошки<br>-текст-метод<br>-проблемски метод<br>-метод на компарација | мотивско-тематските елементи во светите книги. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.3 | -да меморира поими и критериуми за поделба/класификација на литературата/литературните творби;<br>-да набројува и да објаснува одлики на различните класификации; | **Поделба/типологија на литературата**<br>Литературни родови и видови<br><br>Усно творештво и книжевност<br><br>Поими: поделба според авторство, родови (лирика, епика, драма) | **Активности:** преку презентација и нагледно се објаснуваат поимите род и вид. Се претставува класификацијата на литературата на родови и видови и преку примери се бара од учениците да ги утврдат научените поими.<br>Со работа во двојки се разгледуваат текстови кои се споредуваат и се објаснуваат на кој вид и род припаѓаат. Се поттикнуваат сопствени мислења за класификацијата и истите се образложуваат.<br><br>**Методи:**<br>-демонстративен метод;<br>-монолошко-дијалошки метод;<br>-текст метод | 1.3.1 набројува поделби на литературата;<br>1.3.2 разликува текстови според авторството и според литературен род;<br>1.3.3 идентификува и споредува различните видови текстови во секој род;<br>1.3.4 дава и подготвува примери за секој вид поделба на литературата. |
| 1.4 | - препознава и споредува творби по мотив што припаѓаат на лириката;<br>- утврдува и толкува стилски изразни средства; | **Лирика / Елементи на лириката**<br><br>Стилски изразни средства (епитет, компарација, метафора, персонификација, хипербола, , епифора, анафора, градација, (словенска)антитеза, реторско прашање, иронија, | **Активности:** преку различни форми на нагледност и примери се објаснува класификацијата на лириката и нејзините одлики; преку групна и индивидуална работа се бара од учениците стекнатите знаења да ги утврдат на соодветни лирски творби- видови стих и строфи, | 1.4.1 препознава лирски субјект и да идентификува видови рима, стихови и строфи;<br>1.4.2 разликува лирски песни според мотиви и да ги споредува во однос на другите родови;<br>1.4.3 интерпретира/толкува лирски творби преку стилски изразни средства; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | метонимија оксиморон, алегорија, алитерација, асонанца)<br><br>Поими: стих, строфа, композиција( астрофична, хетерострофична и строфична песна), лирски субјект, мотивска класификација, стилски изразни средства. | композиција на песна;<br>истражување и барање примери за различни песни по структура и објаснувања за начинот на селекција и класификација во одреден вид песни;<br>се препознаваат особеностите на лириката во примери;<br>се анализираат примери од лириката преку кои се идентификуваат стилските изразни средства и се толкуваат песните; се поставуваат прашања во врска со издвоени стихови и се пишуваат аналогни примери.<br>Вежби и активности со примена на фигуративен говор во различни јазични контексти.<br><br>**Методи:**<br>-демонстративен метод<br>-монолошко-дијалошки<br>-текст-метод<br>-проблемски метод<br>-метод на компарација<br>-интерактивен метод | 1.4.4 практикува употреба на стилски изразни средства (примери со фигуративен говор) во различни јазични контексти. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.5 | - да препознава творби кои припаѓаат на епиката преку елементи на епска творба;<br><br>-да класифицира епски творби според формата/видот на дискурсот и преку одликите на епот и на другите прозни епски творби; | **Епика**<br><br>Поими: настан, тема, нарација, наратор, фабула, лик, време, место<br><br>Епски видови во стих и проза<br><br>Поими: еп, епска песна, расказ, новела, роман<br><br>Лирско-епски видови<br><br>Поими: лирски и епски елементи, балада, романса, поема | **Активности:**<br>Со презентација се објаснува класификацијата на епиката и нејзините видови и одлики.<br>Преку групна и индивидуална работа учениците откриваат/идентификуваат белезите на епиката, ги споредуваат особеностите и дискутираат за формите и за композицијата на епските творби;<br>Врз соодветни примери од епска песна, расказ, новела, роман се откриваат елементите на епската творба преку насочувачки прашања;<br>се опишуваат карактеристиките преку препознаените елементи и се применуваат во различни јазични контексти, во примери од секаков вид прозен текст;<br>се анализираат лирско епски творби во мали групи и се поттикнува дискусија за епските и за лирските елементи во текстот, се согледуваат особеностите на лирско-епските видови и се утврдуваат преку | 1.5.1 ги опишува особеностите на епиката во однос на другите родови;<br>1 .5.2 открива наратор, нарација, ликови, време и место на дејство, фабула и ликови во епско дело;<br>1.5.3 разликува епски форми(еп, и епски прозни творби) во стих и проза според различните/сличните епски одлики;<br>1.5.4 презентира белези на лирско-епски дела преку епските и лирските елементи во творбата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | соодветни примери.<br><br>**Методи:**<br>-демонстративен метод<br>-монолошко-дијалошки<br>-текст-метод<br>-проблемски метод<br>-метод на компарација<br>-интерактивен метод | |
| 1.6 | - да ги набројува особеностите на драма и да споредува видови драмски творби;<br><br>-да означува и анализира драмски творби преку елементи на драмата. | **Драма**<br><br>Поими: слика, сцена, појава, чин, дидаскалија, време, простор, конфликт, етапи на дејство<br><br>Видови драма<br><br>Поими: трагедија, комедија, (комедија на карактери, на нарави, на интрига, на ситуација, фарса, дел арте), современа драма. | **Активности:** преку презентација ја објаснува класификацијата на драмата и нејзините одлики. Се анализираат елементи од драмските текстови што се посочени од наставникот. Преку групна и индивидуална работа се бара стекнатите знаења да се утврдат на соодветни драмски творби.<br>**Методи:** демонстративен метод монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација. | 1.6.1 идентификува и да разликува белези на драмата во однос на другите родови;<br>1.6.2 открива етапи на дејство, , ликови, време и место на драмско дејство;<br>1.6.3 класифицира драмски видови;<br>1.6.4 интерпретира и заклучува за драмски творби (за дејството-содржината, за ликовите, за нивното значење). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Историја на литература** | | | |
| 2.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да го опише развојот на литературата; | Општ преглед на историскиот развој на литературата (епохи и правци)<br><br>Преглед на најстарите литератури во светот (асиро-вавилонска, староиндиска, хебрејска, античка литература | **Активности:**<br>Презентација на литературата низ времето започнувајќи од античката литература.<br>Претставување на најстарите литератури во светот и создадените творби.<br><br>**Методи:**<br>-демонстративен метод, интерактивен метод | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1 го препознава на временската оска појавувањето на литературните правци;<br>2.1.2 ги именува и набројува најстарите литератури на светот заедно со позначајните творби;<br>2.1.3 го објаснува значењето на најстарите литератури. |
| 2.2 | -да ги препознава епските елементи во Гилгамеш;<br>-да ја анализира содржината на епот и да ги атрибутизира ликовите Гилгамеш и Енкиду преку сопствена интерпретација и толкување на содржината; | **Епот за Гилгамеш**<br><br>**Поими:** тема, композиција, структура, нарација, наратор, ликови, фабула | **Активности:** Преку прашања и работа во групи се поттикнува анализата на делото и дискусијата за него.<br>Учениците се насочуваат да одредуваат, опишуваат и да расудуваат за ликовите во епот.<br>Се поттикнува дискусија за универзалните човечки барања и стравови низ животот преку внимателно избрани цитати.<br>Се насочуваат да изберат омилен дел од епот и да го образложат изборот. | 2.2.1 препознава и означува тема, композиција, наратор, нарација, ликови и фабула;<br>2.2.2 ја анализира и толкува содржината на епот;<br>2.2.3 атрибутизира и споредува ликови;<br>2.2.4 пишува писмен состав (есеј) изразувајќи свои ставови со факти и аргументи, со образложени мислења. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:** интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација, интерактивен метод | |
| 2.3 | -да ги препознава и означува спецификите на Хомеровиот еп;<br>-да ја анализира содржината на епот Илијада (I,VI, XVIII и XXII пеење) преку споредбена идентификација на атрибутите на Ахил и Хектор; | Хомер-био-библиографија и интерпретација на Илијада<br><br>**Поими:** Хомер, Илијада, Одисеја, мит, инвокација, ретардација (забавување на дејство), дигресии, вметнати епизоди, повторувања, хексаметар, детални описи<br>Поими: Јуначки еп , присуство на богови, мотиви, ликови, инвокација, ретардации, сложен епитет, компарација | **Активности:** Се истражува за Хомер и се презентираат основните био-библиографски податоци и се дискутира за авторството и времето на настанувањето на Илијадата. Преку интерактивниот метод се поврзуваат претходните знаења за митот и се толкува *Митот за златното јаболко* како основа за овој еп.<br>Преку визуелна презентација со сцени од филмот *Троја* се продолжува со дискусијата за поводот и причините за Тројанската војна. Преку насочени прашања се откриваат мотивите од епот-љубов, пријателство, херојство.<br>Со работа во парови се споредуваат и опишуваат ликовите Ахил и Хектор, се | 2.3 1 -да ги препознава и утврдува епските белези во Илијада(инвокација, ретардации, описи, употреба на стилски средства во I,VI, XVIII и XXII пеење);<br>2.3.2 -да препознава и означува тема, композиција, наратор, нарација, ликови и фабула и да ја толкува содржината на епот;<br>2.3.3 да ги споредува и да ги оценува постапките на ликовите<br>преку извадоци од епот за што изразува сопствени ставови;<br>2.3.4 да споредува, анализира и синтетизира заеднички елементи (особености) на еповите Илијада и Гилгамеш;<br>2.3.5 да пишува писмен состав (есеј) изразувајќи свои ставови со факти и аргументи, со образложени мислења. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | препознаваат епските карактеристики на делото како и карактеристиките на Хомеровиот стил. Дискусија: Епски елементи во Илијада и Гилгамеш<br>Се даваат јасни инструкции за изработка на есеј поврзан со содржината на епот.<br><br>**Методи:**<br>интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки; текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација, метод на корелација и интеграција. | |
| 2.4 | -да ги препознава и означува спецификите на античката трагедија;<br>-да го толкува Митот за Едип како основа за драмското дејство и да ја анализира содржината на драмата со посредство на ликовите. | Софокле-био-библиографија и интерпретација на митот за Едип.<br>Интерпретација на Цар Едип( Ојдип Тиранин).<br><br>**Поими:** античка драма, трагедија хор, ликови(карактери), тема, етапи на дејство, хроно-топос, елементи на трагедија,трагичен | **Активности**: Презентација за био-библиографските податоци за Софокле и за особеностите на античката драма.<br>Дискусија и анализа на митот за Едип. Насочувачки прашања за анализа и дискусија за драмата, се толкуваат постапките на ликовите и се коментираат избрани цитати. Преку разговор се насочува | 2.4.1 ги идентификува основните белези на античката драма и на античката трагедија;<br>2.4.2 ги препознава и утврдува драмските белези во делото Цар Едип означувајќи тема, композиција, структура и ликови;<br>2.4.3 ги атрибутизира, споредува и оценува постапките на ликовите;<br>2.4.4 толкува извадоци од драмата преку изразување на сопствени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | крај, трагичен лик, тројно единство | проблемско и критичко читање и интерпретација на драмата.<br>Се насочуваат да изберат дел од драмата кој им оставил впечаток и да го образложат изборот.<br>Оваа активност ја вршат со инструкција – врз основа на факти/цитати да оформат мислење.<br>Се даваат инструкции за изработка на есеј поврзан со содржината на драмата<br><br>**Методи:** интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација, интерактивен метод. | ставови;<br>2.4.5 пишува писмен состав (есеј) изразувајќи образложени мислења и ставови со факти и аргументи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Словенска писменост | | | |
| 3.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги објасни општествено-историските услови во кои доаѓа до појава на словенската писменост;<br>-да го опише животот на Кирил и Методиј **и** да ја претстави мисинерската активност на браќата за ширењето на христијанството и втемелувањето на словенската писменост и култура; | **Словенска писменост - Кирил и Методиј**<br>**Поими:** мисија/мисионерство, глаголица, словенска писменост | **Активности:** Преку презентација се објаснува општествено-историскиот контекст во кој се јавува словенската писменост, учениците дополнуваат со свои истражени податоци како подготовка за овој час како и со надоврзување на претходни знаења. Се користат аудиовизуелни материјали за презентација на животот и делото на Кирил и Методиј. Се поставуваат насочени прашања за да се објасни мисионерската активност на Кирил и Методиј.<br>Се поттикнува дискусија за заслугите и значењето на основоположниците на словенската писменост и култура.<br>**Методи:**демонстративен метод, монолошко-дијалошки, текст-метод | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.1.1 дмеморира податоци за животот и мисионерската активност на Кирил и Методиј;<br>3.1.2 искажува свој став во врска со заслугите на браќата Кирил и Методиј за развојот на словенската писменост и култура. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2 | -да ја објасни структурата и композицијата на *Панонските легенди* **и** содржински и стилски да ги анализира житијата откривајќи ги естетско-уметничките вредности во нив;<br><br>-да ги препознава карактеристиките на житието како средновековен жанр; | **Анализа на Панонски легенди**<br><br>Теории во врска со авторството на *Панонските легенди;* композиција на житието (воведен дел, изложување и завршен дел); стилски карактеристики на житието како средновековен жанр (епитети, компарации, реторски прашања, метафора); полемика, тријазична ерес.<br><br>**Поими:** житие, композиција на житие, полемика, ерес, тријазична ерес. | **Активности:**<br>Се објаснуваат и презентираат теориите за авторството на *Панонските легенди.*<br>Се поставуваат насочени прашања со цел да се даде краток преглед на фабулата на житијата. Се објаснува композицијата и структурата на житијата. Се подредуваат цитати за толкување на главните елементи од животот на браќата Кирил и Методиј.<br><br>**Методи:**<br>Монолошко-дијалошки<br>Интерпретативно-аналитички,<br>Интерактивен метод<br>Текст- метод | 3.2.1 ги претставува и идетификува теориите за авторството на *Панонските легенди;*<br><br>3.2.2 ги анализира житијата – структурно и содржински;<br><br>3.2.3 толкува извадоци од житијата ;<br><br>3.2.4 се комбинираат сите изложени факти и да се донесува заклучок за дејноста и значењето на браќата Кирил и Методиј. |
| 3.3 | -да го опише животот и дејноста на Климент Охридски и дејноста на Охридската книжевна школа;<br><br>-да ги опишува и оценува карактеристиките на творештвото на Климент Охридски; | **Климент Охридски живот и дејност; Охридска книжевна школа.**<br><br>**Поими:** Пространо Климентово житие од Теофилакт; Кратко Климентово житие од Хоматијан; | **Активности**: Се презентира видеоматеријал (документарец) за животот и дејноста на Климент Охридски.<br>Преку компаративен приод, се објаснуваат карактеристиките на пофалното и поучителното слово.<br>Нагледно се претставува работата на Охридската | 3.3.1 го опишува животот на Климент Охридски;<br><br>3.3.2 ги набројува особеностите во работата на Охридската книжевна школа;<br><br>3.3.3 ги определува карактеристиките на пофалните и поучителните слова; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Охридска книжевна школа | книжевна школа.<br><br>**Методи:** демонстративен метод, монолошко-дијалошки метод, метод на компарација**,** текст метод. | 3.3.4 го искажува својот став во врска со значењето на Охридската книжевна школа. |
| 3.4 | -да ги наброи и објасни карактеристиките на поучителните (поучните) слова (содржински и композициски);<br><br>-да ги препознае и толкува морално-поучните елементи на конкретен текст. | **Поучни слова**<br><br>**Поими:** дводелна структура - вовед (во кој се објаснува содржината на празникот) и морална поука или совет за верниците, специфична воведна фраза | **Активности:**<br>Се избираат две поучни слова што ќе се читаат и анализираат во текот на часот.<br>Се поттикнува дискусија и анализа на прочитаните слова и се генерализираат основните негови карактеристики.<br>Работа во двојки со поставување на прашања меѓу учениците за анализа на словата.<br><br>**Методи:**монолошко-дијалошки, интерпретативно-аналитички, текст-метод | 3.4.1 набројува карактеристики на поучните слова;<br><br>3.4.2 ги објаснува структурата и композицијата на конкретен текст на поучно слово;<br><br>3.4.3 ги препознава и открива стилските белези на поучните слова на конкретен текст;<br><br>3.4.4 прави заклучок и го вреднува словото естетски и во согласност со општествено –историскиот момент кога се појавува. |
| 3.5 | -да ги наброи и објасни карактеристиките на пофалните слова (содржински, композициски и стилски);<br><br>-да ги препознае карактеристиките при интерпретација на слово и да | **Похвала на нашиот блажен татко и учител словенски Кирил Филозоф – интерпретација** | **Активности:**<br>Се објаснува структурата и композицијата на пофалните слова, дедуктивниот пристап ги подготвува учениците за следната активност-интепретација преку | 3.5.1 дефинира пофално слово како средновековна творба и да ја определува темата на словото;<br><br>3.5.2 набројува карактеристики на пофалните слова и да прави |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | даде свој заклучок за истото; | **Поими:** тема, дводелна структура – прв дел (краток поетски вовед) и пофалба; специфична ритмичко-интонациска целост, репетиција на иста фраза, епитети, споредби, компарации, хиперболи. | поставување на прашања, истакнување и интерпретација на одредени сегменти од словото. Се поставуваат насочени прашања за самостојно толкување и донесување заклучоци.<br><br>**Методи:**<br>Текст-метод<br>Монолошко-дијалошки<br>Интерпретативно-аналитички | содржинска, композициска и стилска анализа;<br><br>3.5.3 ја опишува естетска вредност на словото во рамките на општествено-историските услови во кои е напишано;<br><br>3.5.4. го оценува видот на текстот – словото. |
| 3.6 | -да ја објасни структурата, композицијата и содржината на трактатот *О писменех;*<br><br>-да ја анализира содржината на трактатот и да го вреднува значењето на првата словенска полемика. | **Црноризец Храбар**<br><br>***О писменех***<br><br>**Поими:** псевдоним, полемика, трактат, теза-антитеза | **Активности:**<br><br>Нагледно се објаснува псевдонимот Црноризец Храбар.<br><br>Преку бура на идеи се објаснува поимот *трактат* и се поставуваат насочени прашања со цел учениците да ја интерпретираат содржината на трактатот. Се користат одбрани цитати.<br><br>Се даваат упатства за изработка на есеј на зададена тема | 3.6.1 ги препознае поимите псевдоним, трактат, полемика и да ги опише со свои зборови;<br><br>3.6.2. објаснува стрктурата и композицијата на трактатот и ги прецизира неговите особености;<br><br>3.6.3 го образложува својот став и мислење во врска со значењето на првата словенска полемика;<br><br>3.6.4 изработува есеј на зададена тема. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.7 | -да ги препознава и идентификува средновековни книжевни жанрови наведувајќи ги нивните карактеристики;<br><br>-вреднување на естетската вредност на средновековните жанрови во контекстот на општествено-историските услови во кои се појавуваат. | **Средновековни книжевни жанрови**<br><br>**Поими:** житие/хагиографија, апокриф, средновековен расказ и роман | **Активности:** да се дефинираат поимите житие, хагиографија, апокриф, средновековен расказ и роман преку соодветна презентација и пример. Се читаат во пар извадоци од избрани дела: хагиографија, апокриф, средновековен расказ и роман. Се анализираат и толкуваат, се прават различни интерпретации за да се согледа нивниот став за ваквиот вид текстови создадени во друг контекст од овој во кој живееме.<br>**Методи:** текст-метод, монолошко-дијалошки, интерпретативно-аналитички | 3.7.1 ги набројува и дефинира средновековните книжевни жанрови: хагиографија, апокриф, средновековен расказ и роман;<br><br>3.7.2 ги рекоструира карактеристиките на средновековните книжевни жанрови;<br><br>3.7.3. ги оценува средновековните жанрови во општествено-историски и книжевен контекст. |
| 4 | **Хуманизмот и ренесансата во европската литература** | | | |
| 4.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да идентификува карактеристики на хуманизмот и ренесансата во европската литература; | **Хуманизам и ренесеcанса-вовед**<br><br>Претставницина европскиот хуманизам и ренесанса<br><br>-Данте Алигиери Божествена комедија преглед –Пеколот- | **Активности: се** презентираат основните податоци за главните претставници на хуманизмот и ренесансата; заедно со учениците прави презентација на главните белези на хуманизмот и ренесансата низ | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.1.1 опишува карактеристики на хуманизмот и ренесансата;<br>4.1.2 ја објаснува композицијата на делото *Божествена комедија*;<br>4.1.3 анализира извадоци од *Пеколот* преку симболи;<br>4.1.4 го интерпретира и толкува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -да ја објасни и да ја анализира композициската структура на Пеколот. | структура и интерпретација | делата на овие претставници.<br><br>Учениците се запознаваат со структурата на „Божествената комедија“; го објаснуваат насловот и значењето на зборот*божествена* и зборот *комедија*; заедно со учениците го интерпретираат првиот дел од Божествената комедија“ – *Пеколот;* ја определуваат структурата и композицијата на *Пеколот;* ги анализираат проблем- мотивите во делото и ги контекстуелизираат во тогашните општествено-политички прилики во Италија.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, текст- метод, проблемски метод. | *Пеколот* во книжевен и историско-општествен контекст. |
| 4.2 | -препознава сонет по композиција и го анализира стилски;<br>-интерпретира сонети од Петрарка; | **Франческо Петрарка** – **Канцониер** –преглед и интерпретација на избрани сонети | **Активности**:<br><br>При читањето и анализата на стиховите од Петрарка, учениците се делат во групи и добиваат различни примери кои се однесуваат на композицијата, структурата, стилските | 4.2.1 препознава сонет како творба по композиција ;<br><br>4.2.2 препознава и идентификува стилски изразни средства во сонетите;<br><br>4.2.3 идентификува и толкува сонети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | средства. Интерпретацијата на стиховите од сите групи е различна и упатува на заклучоци чиј тек го модерира наставникот.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, текст- метод, проблемски метод. | со различни мотиви;<br><br>4.2.4 интерпретира во соодветен книжевен и историско-општествен контекст. |
| 4.3 | -ја опишува структурата на литературното дело Декамерон;<br><br>-интерпретира новели според барањата за анализа на прозен текст (наратор, ликови, време, место). | **Џовани Бокачо**-интерпретација (три новели од Декамерон) | **Активности:**<br><br>Преку презентација на делото *Декамерон* и неговата структура се даваат инструкции за читање на новелите. Се даваат точни насоки за читање со пишување потсетници.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, текст- метод, проблемски метод. | 4.3.1 ја опишува структурата на Декамерон;<br><br>4.3.2 анализира според барањата за анализа на проза(идентификува наратор, ликови, лоцира време и место)<br><br>4.3.3 интерпретира новели во соодветен книжевно-историски контекст. |
| 4.4 | -презентира  податоци за Вилијам Шекспир и неговата литературна дејсност како и неговото значење за литературата и уметноста;<br><br>-го анализира и интерпретира | -**Вилијам Шекспир** био-бибиографски податоци– *Хамлет* интерпретација на делото | **Активности:**<br><br>Преку презентација се запознаваат учениците (во преглед) со поважните дела на Вилијам Шекспир, се упатуваат на истражувачки активности во врска со биографијата на Шекспир; ја интерпретираат | 4.4.1. -препознава и опишува податоци за животот, делото, дејноста и влијанието на Вилијам Шекспир во литературата и уметноста;<br><br>4.4.2. го анализира *Хамлет* како драмски текст; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Хамлет како драмски текст. | | трагедијата и мотивот на одмаздата, како движечка сила која го води Хамлет и кон сопствената пропаст.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, текст- метод, проблемски метод. | 4.4.3. го интерпретира *Хамлет* проблемски и понудува различни гледања;<br><br>4.4.4 заклучува по логички и фактографски подредени информации за значењето на *Хамлет* како драмско-литературен текст. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Оценувањето е континуиран процес и има за цел да обезбеди сеопфатни информации за постигањата на учениците. Функцијата на оценувањето е сумирање на постигнатото, но во насока на подобрување на истото. Во таа смисла, оценувањето на учениците има за цел да им ја покаже реалната состојба на нивните знаења и да им даде насока за понатамошно перманентно продлабочување. За да биде овозможено конкретно и веродостојно оценување потребно е редовно прибирање на информации кои се докуметираат. Ваквиот пристап овозможува и континуитет во учењето и постојана ангажираност и вклученост од страна на учениците.<br>Критериумите за оценување наставникот ги објаснува на своите ученици и доследно се придржува кон истите во текот на целата учебна година. Инструментите коишто се однесуваат на устниот дел од оценувањето и вреднувањето на учениците може да биде со одговори на поставени прашања од страна на наставникот, насочени прашања при обработка на дело, лектира, како и содржини од јазик, усни презентации на одредени теми, изнесување на мислења и ставови во врска со одредени проблемски поставени прашања во дело и лектира, дискутирање за книжевни дела во општествен, историски и книжевен контекст, домашна работа, активност и ангажираност на часот.<br>Инструментите за писменото оценување се поврзуваат со писмени работи, со објективни тестови на знаења, со тестови на способности, особено на самостојни ученички текстови – есеи, во кои учениците ќе го применуваат наученото низ сопствениот индивидуален израз. |

| | |
|---|---|
| | Учениците за своите постигања добиваат нумеричка оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2019/2020 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | бр. 13-4390/2<br>11.6.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi |
| **Датум на ревизија** | |